Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на република Македонија бр.5/2002) и член 48 и 49 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.12.2020година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.5/2002 и 23/2019) и тоа:

По членот 57 се додава нов член 57-а кој гласи:

„ Во случај на воена, вонредна, кризна состојба, елементарна непогода, пандемија или од итна и неодложна потреба, Советот на Општина Пробиштип може да одржи седница на Совет и седница на постојаните и повремени комисии со употреба на комуникациски средства (телефон или комуникациска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки). “

Седницата со употреба на комуникациски средства ја свикува и со седницата раководи претседателот на Советот, односно претседателот на Комисијата.

Член 2

По членот 75 се додава нов член 75-а кој гласи:

„Во случај на одржување на седница со употреба на комуникациски средства гласањето се одвива по пат на поименично произнесување на секој од членовите на Советот кои се најавени на седницата. “

Член 3

По членот 78 се додава нов член 78-а кој гласи:

„ За седницата која се одржува со употреба на комуникациски средства, задолжително се води записник кој се објавува на веб страната на општина Пробиштип. “

Член 4

Одлуката стапува со сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1011/24
29.12.2020 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски